

CUPIDA LEGUM IUVENTUS

**Македонско здружение на млади правници**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2020

CUPIDA LEGUM IUVENTUS

www.myla.org.mk



# СОДРЖИНА


стр. 04 | ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

стр. 06 | ЗА МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ

стр. 08 | КЛУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА НИЗ БРОЈКИ ВО 2020

стр. 10 | ПРАВНА ПОМОШ И СТРАТЕШКО ЗАСТАПУВАЊЕ

стр. 18 | ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И ПОЛИТИКИ

стр. 34 | ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА

стр. 50 | ПОДДРЖАНИ ГРАНТИСТИ ВО 2020 ГОДИНА

стр. 54 | ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ И СОРАБОТКА

стр. 60 | ОРГАНИЗАЦИЈА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

стр. 61 | ФИНАНСИИ



# ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

Годината кога светот застана...

Никој од нас нема да ја заборави 2020та година. Секогаш ќе се сеќаваме на чувството на страв и неверување, грижата за најблиските и одговорноста кон себе и другите околу нас. Благодарни сме и нема да ја заборавиме пожртвуваноста на медицинските лица и другите професионалци кои беа секојдневно изложени на ризици.

Годината беше полна со предизвици и за МЗМП, а вонредната состојба беше шок за правниот систем во државата. Сите се насочивме кон помош и поддршка на лицата со кои работи МЗМП, со цел да успеат безбедно да ја поминат оваа криза и да не се доведат во ситуација да бидат во понеповолна положба од тоа што било пред кризата.

Морам да истакнам дека од самиот почеток на кризата, сите меѓународни организации, фондации и амбасади со кои работи МЗМП ни дадоа безрезервна поддршка за претстојниот период и со тоа имавме флексибилност да ги прилагодиме активностите на новонастанатата ситуација.

Во овие 17 години откако постои организацијата веќе имаме воспоставено силни врски на соработка и доверба со државните институции, но и со други организации и правни субјекти, и оваа непосредна комуникација ни помогна да продолжиме со редовните активности и во ваква состојба.

Од самото прогласување на вонредната состојба, ние во целост ги почитувавме препораките на Владата. Работевме од дома, а во две од нашите канцеларии воспоставивме дежурства и се примаа само најитните случаи.

Од особена важност беше тоа што МЗМП имаше воспоставено соодветна техничка инфраструктура и целокупната работа на организацијата, податоците и документите со кои работи, се на „cloud", што овозможи сите колеги да имаат непречен пристап до работата и од дома.

По прогласувањето на Кризната состојба, Владата го избра МЗМП да биде дел од Главниот штаб при Центарот за Управување со Кризи (ЦУК) како претставник од граѓанскиот сектор каде директно учествуваме во следење на преземените мерки и активности за справување со Ковид 19 паднемијата.

Нашата работа се состои од директна работа со луѓе, странки кои имаат правни постапки врзани со рокови и многу беше важно да се информираат и да се обезбедат сите правни механизми за нивна заштита. Во овој контекст, многу навремени беа уредбите кои ги донесе Владата со цел нивна заштита.

Покрај другите области на кои работи МЗМП во овој период особено важен беше сервисот за заштита на жртви на насилни кривични дела, каде работиме со деца, постари лица, лица со попреченост и жени. Вонредната состојба дополнително ја влоши состојбата во која се наоѓаат жртвите и постојано добиваме повици, за што сме во директна комуникација со надлежните институции. Формиравме и тимови кои директно на терен им помагаа на луѓето да ги остварат правата од социјална заштите. Со особено внимание ја следевме и состојбата на лицата кои се наоѓаат во затворите, прифатните центри и во установите за лишување од слобода, но и на лицата кои беа сместени во државните карантини.

Ние, младите правници, го дадовме својот придонес во справување со пандемијата и последиците од истата на најдобриот начин што го знаевме и умеевме. Горди сме што и во вака тешка година постигнавме забележителни успеси и гледаме напред кон следната година.

**Зоран Дранговски,**
Претседател 2016-2021



# За Македонското здружение на млади правници

## МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ (МЗМП)

е независна, непрофитна и професионална организација на правници основана во 2003 година. МЗМП ги идентификува младите правници како клучен дел од општеството кој располага со знаење, вештини и желба да придонесе во втемелување на вредностите на заштита на човековите права и владеењето на правото во нашата држава. Со таа цел работата на МЗМП е посветена кон насочување и обуки на младите правници заради зголемување на нивното учество во активности за заштита на човековите права и унапредување на принципот на владеење на правото.

## ВИЗИЈА

МЗМП е водечка правничка организација која ги штити човековите права и се залага за владеење на правото користејќи ја иновативноста и капацитетите на младите правници.

## МИСИЈА

МЗМП преку давање правна помош, правни истражување и јакнење на капацитети на млади правници поттикнува промени во јавните политики и примената на законодавството и врши застапување за заштита и почитување на човекови права и правната сигурност.

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА МЗМП 2019-2021

01 Правно зајакнување и заштита на основните човекови права;

02 Унапредување на владеење на правото и воедначување на националните политики со правото на ЕУ;

03 Зајакнување на професионализмот, стручноста и интегритетот на младите правници;

04 Подобрување на квалитетот на услугите на институциите кон граѓаните.

## АКТИВНОСТИ НА МЗМП

Заради остварување на воспоставените стратешки цели, активностите на МЗМП се структуирани во три меѓусебно поврзани програми:

- ПРАВНА ПОМОШ И СТРАТЕШКО ЗАСТАПУВАЊЕ;
- ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И ПОЛИТИКИ;
- ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА.

## ОБЛАСТИ НА РАБОТА

Приоритетни области на кои работи МЗМП во периодот од 2019 до 2021 се:

- ПРИСТАП ДО ПРАВДА ЗА РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ ГРАЃАНИ;
- АЗИЛ, МИГРАЦИИ И БЕЗДРЖАВЈАНСТВО;
- ПРАВНА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА И ПОВРЕДИ НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА;
- ПРАВА НА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ;
- ЗАШТИТА НА ПРАВА НА ЛИЦА ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА;
- ЗАШТИТА НА ПРАВО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА;
- ПРАВНА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ;
- ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ НА МЛАДИТЕ ПРАВНИЦИ.

# Клучни достигнувања низ бројки во 2020

**7345**
поединци ги користеа придобивките на бесплатна правна помош и советување што МЗМП ги понуди

Поведени се **39** стратешки постапки

На **3963** лица кои транзитираат низ државата им е дадена правна информација за постапката за азил

**661** млади правници, студенти, адвокати, претставници од правосудни и владини институции, претставници од образовен систем, претставници на граѓанското општество, новинари, како и населението беа обучени во соодветна област

Спроведени се **32** обуки, работилници, предавања, академии, стратешки форуми и едукативни сесии за **17** правни области

**49** млади правници се стекнаа со практични знаења во **29** судови, граѓански организации, адвокатски канцеларии и канцелариите на Народен правобранител во **6** градови во државата

Објавени се **28** публикации на специфични теми од областа на правото




МЗМП беше дел од **7** работни групи за подготовка на закони

МЗМП учествуваше во подготовка на **9** подзаконски акти

Поднесена **1** иницијатива за поведување постапка за оценка на уставноста и законитост до Уставен суд на РСМ

Доделени се **10** грантови на новинари

МЗМП склучи **33** меморандуми за соработка

# Правна помош и стратешко застапување

**7345 поединци** ги користеа придобивките на бесплатна правна помош и советување што МЗМП ги понуди

Поведени се **39 стратешки постапки**

На **3963 лица** кои транзитираат низ државата им е дадена правна информација за постапката за азил

Програмата за правна помош и стратешко застапување на МЗМП се состои од обезбедување претходна (примарна) правна помош, правна помош на посебни категории лица и за определени правни прашања, како и стратешко водење на судски предмети од поширок општествен интерес. Активностите поврзани со правна помош се обезбедуваат во рамки на посебни проекти. Правната помош се обезбедува од тим од правници вработени во здружението со положен правосуден испит и тим од обучени адвокати.



# Правна помош на лица со ниски приходи (Примарна правна помош)

Во текот на 2020 година, МЗМП продолжи да обезбедува примарна правна помош на поединци и семејства со ниски приходи. Примарната правна помош се даваше во согласност со Законот за бесплатна правна помош од 2019 година, прилагодена на условите кои ги наметна вирусот КОВИД-19. Услугите на правна помош МЗМП ги даваше во форма на општи правни информации, правни совети, информации за правото на користење бесплатната правна помош и помош при комплетирање барање за секундарна правна помош. Правната помош, онаму каде не беше возможно да се дава со лично присуство, се даваше преку информатички технологии, телефонски, на емаил, на фејсбук профилите на МЗМП и проектите, како и на други начини за онлајн состанување со заинтересираните лица.

Во овој период, МЗМП поднесе 20 барања за бесплатна правна помош, од кои 13 се одобрени, 4 се одбиени, додека 3 во текот на 2020 се уште беа во постапка за одлучување. Седум (7) од поднесените барања се однесуваа за решавање статусни прашања (развод на брак); едно (1) за развод на брак поради семејно насилство; три барања се однесуваат за привремени мерки за заштита од семејно насилство; четири барања се однесуваат за заштита на деца; едно за заштита на права од работен однос, како и по едно барање за: молчење на администрација, имотно правно прашање, застапување жртва на семејно насилство во кривична постапка и правна помош во управна постапка за социјална пензија.

МЗМП формираше шест мобилни тимови за зајакнување на поддршката на семејствата во ризик и за подобрување на нивниот пристап до социјалните и останати права и услуги. Мобилните тимови беа составени од правници и социјални работници, а беа активни во Скопје, Битола, Прилеп и Штип. Со своите активности, тимовите обезбедија помош и поддршка на 181 семејство на кои им беа дадени правни совети и потребни интервенции. Вкупниот број на лица опфатени со активностите на мобилните тимови е 632, од кои 359 деца. Најголемиот број на интервенции и советувања беа околу паричните социјални права согласно Законот за социјална заштита (107 интервенции) и правата согласно Законот за заштита на деца (102 интервенции).

Севкупно, во 2020 година дадени се 749 правни совети за поединци и семејства со ниски приходи. Иако правните услуги МЗМП ги даваше на цела територија на државата, сепак најзастапено е населението од Скопскиот статистички регион (60%), Пелагониски статистички регион (13%) и Источен статистички регион (5,6%). Најчестите правни прашања за кои лицата со ниски приходи имаат најголема потреба се прашањата од социјална заштита (29%, односно вкупно 219 правни совети), заштита на деца (26.6%, односно 199 правни совети) и имотни правни прашања (14%, односно 107 правни совети). Правни прашања за советување и интервенции за родово базирано и семејно насилство беше застапено со 9.7%, односно 73 правни совети. Помалку застапени беа и прашања од областа на пензиско и инвалидско осигурување, работни односи, статусни прашања, како и други прашања од интерес на граѓаните (на пример кривични и прекршочни процесни и материјални прашања, меѓу другите).




*Мапа со статистички региони од државата каде што присуство имаа мобилните тимови за правна помош на лица и семејства со ниски приходи.*

# Правна помош на баратели на азил и бегалци

МЗМП 11 години е стратешки партнер на Канцеларијата на Високиот комесар за бегалци на ООН во Северна Македонија (УНХЦР). Во рамки на заедничката соработка МЗМП дава правна помош на лица бегалци, баратели на азил и лица под меѓународна заштита. Правната помош се однесува на постапката за признавање на право на азил, постапка по правен лек како и постапки за интеграција на бегалците. Во 2020 година МЗМП обезбеди 341 правен совет и помош на баратели на азил, а оваа година беа поднесени вкупно 188 барања за азил. По тековните постапки, управни спорови беа поведени во 29 случаи, додека жалби на одлуките на Управниот суд во 10 предмети. На 369 лица кои престојуваат во земјата од 1999 година со потекло од Косово, вкупно 1113 пати им беше дадена правна помош за нивна интеграција во државата.

Во прифатно транзитните центри „Винојуг“ и „Табановце“ информирање за постапката за добивање право на азил беше дадена на 3963 лица. До Народниот Правобранител беа поднесени 16 претставки, а истовремено беа направени 39 писмени и усни интервенции до други институции за индивидуални случаи или генерални прашања со цел почитување на правата на овие лица, укажување на одредена повреда или изнаоѓање на начин за решавање на проблеми кои ги засегаат овие лица. За прашања поврзани со азилот и миграциите се вклучени и голем број на адвокати во речиси сите региони во државата, а посебно се издвојуваат два тима на адвокати:

### ▶ SLAG (STRATEGIC LITIGATION ASYLUM GROUP)

Групата за стратешко застапување на предмети во областа на азилот е формирана со цел да идентификува и стратешки да ги застапува оние предмети кои се подобни да создадат промена во законски одредби или во одредени практики кои ги прекршуваат основните права и човекови слободи на бегалците во постапките за азил. Исто така групата се стреми кон подобрување на системот на азил во нашата држава, преку застапување пред органите и судовите во Северна Македонија, но и пред Европскиот суд за човекови права и други меѓународни механизми. Во 2020 година групата продолжи да функционира во состав од 4ца адвокати и 1 адвокатско друштво.

### ▶ ANTENA LAWYERS NETWORK

Мрежата на“Антена адвокатите” ја сочинуваат шест адвокати од различни региони во нашата држава кои ги следат миграциските движења, пристапот до меѓународна заштита и примена на принципот на невраќање (non-refoulement).

# Правна помош на лица без државјанство

Правна помош на лица без државјанство МЗМП во рамки на проектот „Превенција и намалување на бездржавјанство“ поддржан од УНХЦР во 2020 обезбеди правна помош на вкупно 501 лица од кои 27 беа примени во државјанство. Вкупно 21 лице добиле правна помош во постапка за регулирање престој додека ист број од 21 лице беа запишани во матичната книга на родени. За вкупно шест лица биле пуштени жалби пред второстепен орган, поведен управен спор или биле поднесени претставки до Народниот правобранител. За три лица беа побарани документи од нивните држави на потекло. До Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) беше поднесена една жалба во врска со одбивање на лице без државјанство за прием во македонско државјанство, кој е всушност роден во РСМ.

# Жртви на кривични дела

Тековната 2020 година е втората година по ред во која функционира сервисот за правна и психосоцијална поддршка на жртви од насилни кривични дела. Сервисот е формиран во рамки на проектот „Правна поддршка на ранливи жртви на насилни кривични дела", кој МЗМП го спроведува во партнерство со СОС Детско село Северна Македонија, а поддржано од Европската Унија преку Министерство за финасии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори. МЗМП обезбеди информирање на 154 жртви на насилни кривични дела, од кои 27 се деца, а преку тимот од обучени адвокати обезбеди сеопфатно правно советување на 29 жртви. Услугите сервисот ги дава на целата територија на државата.

# Жртви на дискриминација и повреди на човекови права

МЗМП во 2020 година обезбеди правна помош и советување на 341 граѓанин кој се почувствувал дискриминиран или се соочил со прекршување на некое друго човеково право. Дополнително, беа поведени 14 стратешки предмети за заштита на човековите права (3 претставки пред Народен правобранител, 4 судски постапки, 1 судска постапка за утврдување повреда на правото на брак и правото на приватност на личниот и семејниот живот на барател на азил, 1 судска постапка за аерозагадување во Битола, 1 судска постапка за загадување на животната средина поради управување со отпадот во Струга, 1 иницијатива за оценување на уставноста на член од Законот за социјалната заштита, 3 барања за заштита на правото на судење во разумен рок пред Врховниот суд).

# Лица на издржување казна затвор

Во 2020 година, МЗМП има спроведено 29 редовни и дополнителни посети во 12 казнено-поправни установи и воспитно поправниот дом. Обезбедени се правни совети на 177 осудени лица и штитеници за користење на механизмите на пријавување на тортура и нехуман третман. Дополнително, обезбедена е директна правна помош на 119 осудени лица и штитеници во врска со определено правно прашање. Поднесени се 14 интерни извештаи до Управата за извршување на санкции кои се однесуваат на пријави од осудени лица за употреба на прекумерна употреба од страна на затворската полиција. Поднесени се 3 кривични пријави до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција (специјализирано одделение за кривични дела извршени од страна на затворска полиција и полициски службеници) против полициски службеници за повеќе кривични дела помеѓу кои и малтретирање во вршење на службата, непријавување на кривично дело и расна дискриминација. Поднесени се 34 поднесоци до државни институции кои се однесуваат на правни прашања поврзани со обезбедување на правата на осудените лица за време на издржување на казната затвор.

# Граѓански организации

26 граѓански организации добија правна поддршка за различни правни прашања. Клучни области за кои граѓанските организации имаа потреба од правна поддршкаа беа поврзани со потребата од подобрување на внатрешна организациска структура, како и обезбедување усогласеност со законските услови. На 18 локални граѓански организации беше зголемен капацитетот за застапување засновано на истражување на локално, национално и ниво на ЕУ, а беа развиени и 15 планови за застапување. Вкупно 23 претставници на граѓански организации присуствуваа на две обуки за одржливост, финансиско управување, управување со проектни циклуси и стратешко планирање. Развиени се 20 проекти, од кои 11 се успешно прифатени и поддржани од домашни и странски донатори.

# Жртви на трговија со луѓе

МЗМП продолжи да учествува со свои претставници во Мобилните тимови за идентификација на ранливи групи, вклучително и жртви на трговија со луѓе формирани во 2018 година. МЗМП има свои претставници во Мобилните тимови во четири градови: Битола, Гевгелија, Куманово и Тетово. Во 2020 година, од надлежните институции идентификувани се шест жртви деца на трговија со луѓе, државјани на Северна Македонија. Позитивна пракса во 2020 година е предмет поддржан од МЗМП во кој за првпат преку одземање имот на сторителот и парични средства, извршено е обесштетување на жртвата во вредност од 300 000 денари. На тој начин се нагласува и потребата од користење на мерката проширена конфискација од страна на судиите, бидејќи во другите неколку пресуди, и покрај досуденото обесштетување за жртвата, пресудите не можеше да се извршат поради тоа што сторителите немаа имот.

*Статистички податоци за дадени услуги на правна помош во 2020*

| ПРАВНА ПОМОШ НА ЛИЦА СО НИСКИ ПРИХОДИ | |
|---|---|
| Правно советување на лица со ниски примања | 749 |
| Поднесени барања за БПП | 20 |
| **БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ И БЕГАЛЦИ** | |
| Баратели на азил кои користеле правна помош од МЗМП | 341 |
| Баратели на азил кои поднелел барање во 2020 | 188 |
| Корисници на правна помош за интеграција (Бегалци од Косово) | 369 |
| Лица кои транзитираат низ држават на кои им се дадени информации за постапката за азил | 3963 |
| **ЛИЦА БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО** | |
| Лица без државјанство кои користеле правна помош од МЗМП | 501 |
| Број на лица примени во државјанство | 27 |
| Број на лица запишани во матична книга на родени | 21 |
| Стратешки постапки пред ЕСЧП | 1 |
| **ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА** | |
| Правни информации | 154 |
| Правно советување | 29 |
| Психосоцијално советување | 54 |
| **ДИСКРИМИНАЦИЈА И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА** | |
| Правни совети | 341 |
| Стратешки постапки | 14 |
| **ЛИЦА НА ИЗДРЖУВАЊЕ КАЗНА ЗАТВОР** | |
| Број на КПУ | 12 |
| Број на ВПУ | 1 |
| Број на лица кои користеле правна помош | 177 |
| **ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ** | |
| Број на граѓански организации кои користеле правна помош | 26 |



# Правни истражувања и политики

**Објавени се 28 публикација** на специфични теми од областа на правото

МЗМП беше дел од **7 работни групи за подготовка на закони**

Учество во подготовка на **9 подзаконски акти**

- **Поднесена иницијатива за поведување постапка за оценка на уставноста и законитост до Уставен суд на РСМ**
- **Во првото издание од списанието застапени се 21 статија од 22 млади правници - автори кои пишуваа за различни теми од областа на правото**

Неизоставен дел во подобрувањето на законодавството и системот за заштита на човековите права е предлагање на решенија засновани на докази. МЗМП и во текот на оваа година посветено работеше на истражувања и политики кои придонесуваат за унапредување на системот за остварување на уставно и законски загарантираните права на граѓаните.

**Во 2020 година, МЗМП издаде и учествуваше во изработка на 28 документи на различни теми од областите на кои работи.** Со оглед на тоа дека вонредната состојба поради светската пандемија со Ковид 19 неминовно влијаеше на состојбата со човековите права, дел од активностите во овој дел беа насочени токму на оваа тема. Така, МЗМП покрај Годишниот извештај за човекови права кои го објавува секоја година, објави и два посебни извештаи кои се однесуваат директно на аспектите поврзани со човековите права, владеењето на правото и пристапот до правна помош во услови на глобалната пандемија. Понатаму, МЗМП објави и извештаи и документи за јавни политики на теми поврзани со областите на кои работи, како: право на азил и миграции, трговија со луѓе, заштита на лични податоци, заштита од дискриминација и бесплатна правна помош. Дополнително, МЗМП издаде и три прирачници и водичи за правните професионалци на теми поврзани со заштита од дискриминација, правна и психосоцијална поддршка на жртвите на насилни кривични дела и новиот Закон за управни спорови, како и еден прирачник наменет за граѓанските организации. Во продолжение следува преглед на сите документи кои беа издадени и објавени во текот на 2020 година, а кои се достапни на веб страницата на МЗМП.

# 28 публикации

**11 извештаи**

**4 анализи**

**6 инфографици**

**3 прирачници и водичи**

**1 списание**

**3 документи за јавни политики**

# ИЗВЕШТАИ (11)




## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2020 ГОДИНА

Годишниот извештај обезбедува систематизиран и објективен преглед на состојбата со почитувањето на човеквоите права во државата во текот на 2020 година, преку презентирање на конкретни случаи детектирани во работата на здружението и го анализира влијанието на КОВИД-19 во остварувањето на човековите права. Извештајот дава осврт на пресудите на Европскиот суд за човековите права, донесени против државата во 2020 година.




## ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО УСЛОВИ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – 2020 ГОДИНА

Овој документ го анализира спроведувањето на принципот на владеење на правото и остварување на човековите права за време на вонредната состојба во државата прогласена поради КОВИД-19, низ призма на препораките на Венецијанската комисија и Македонската академија на науките и уметностите.




## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ПРИСТАПОТ ДО ПРАВНА ПОМОШ ЗА СЛАБОИМОТНИТЕ ГРАЃАНИ ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛНАТА ПАНДЕМИЈА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ НА КОВИД 19

Извештајот ги идентификува факторите што влијаеја, позитивно или негативно, врз пристапот до бесплатна правна помош (БПП) во овој период. Дополнително Извештајот ги идентификува можностите за зајакнување на секундарната правна помош обезбедена од страна на адвокатите. Потребата од изработка на Извештајот произлезе од новите и неповолни прилики што ги наметна вирусот на ковид-19, а кои влијаат негативно врз пристапот до правда на сиромашните и ранливите категории лица. Извештајот ги опишува настаните и процесите поврзани со постапките за добивање БПП, поведените судски или управни постапки, како и општиот однос и практики на институциите што работат со ранливото население.




## ЧЕТИРИ КВАРТАЛНИ ТЕРЕНСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА СОСТОЈБАТА СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА МИГРАНТИТЕ И БЕГАЛЦИТЕ НА ТЕРЕН

Во текот на 2020 година се објавија 4 квартални извештаи за состојбата на човековите права на мигрантите, бегалците и баратели на азил на терен. Извештаите се однесуваат за следните периоди: октомври – декември 2019, јануари – март 2020, април – јуни 2020 и јули - септември 2020. Кварталните теренски извештаи ги содржат согледувањеата на МЗМП во однос на постапувањето со мигрантите и бегалците во прифатно-транзитните центри, Винојуг и Табановце, со посебен фокус на жените, децата и другите ранливи категории лица.






## ГОДИШЕН ТЕРЕНСКИ ИЗВЕШТАЈ 2019

Годишниот извештај содржи сумарни податоци од терен за состојбата на човековите права на мигрантите, бегалците и барателите на азил. Во извештајот се прикажани податоци добиени од интервјуа, како и проблемите и предизвиците со кои се соочуваат овие лица.




## СОСТОЈБАТА СО АЗИЛОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2018-2019 ГОДИНА

Овој извештај претставува сеопфатен преглед на различните практики, политики и постапки во однос на системот на азил во Република Северна Македонија во 2018 и 2019 година. Извештајот ги истакнува главните предизвици со кои се соочуваат барателите на азил и бегалците за време на постапката за азил и при остварување на другите права. При изработката на овој документ беа користени: а) податоци прибавени при застапување на барателите на азил, бегалците и мигрантите, лицата под супсидијарна заштита и признаените бегалци во Република Северна Македонија, б) податоци прибавени при мониторинг на состојбата и постапувањето од страна на органите со бегалците и мигрантите во прифатно-транзитните центри каде што МЗМП има достапни канцеларии, и в) податоци прибавени при присуството во канцеларијата во Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово. Дополнително, за потребите на овој извештај беа прибавени информации од јавен карактер и беа искористени многубројни достапни извештаи и литература.




## СИСТЕМАТИЗИРАН ПРЕГЛЕД НА УРЕДБИ СО ЗАКОНСКА СИЛА ДОНЕСЕНИ ОД ВЛАДАТА НА РСМ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА

Целта на овој документ е да прикаже хронолошки преглед на донесените Уредби со законска сила за период од 18 март 2020 година до 22 јуни 2020 година, како и да понуди преглед на областите кои тие ги уредуваат.




## ИМИГРАЦИСКИ ПРИТВОР ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НИЗ БРОЈКИ (ЈАНУАРИ – СЕПТМЕВРИ 2020)

Овој извештај содржи статистички податоци за задржани лица од имиграциски причини, земја на потекло на задржаните лица, просечно време на задржување на лицата, број на протерани лица како и број на поднесени барања за азил во ПЦ за странци. Посебен осврт во извештајот се дава на условите за задржување со осврт на условите за деца. Во рамки на извештајот дадени се препораки.

# АНАЛИЗИ (4)




## АНАЛИЗА НА ЗАКОНОДАВСТВОТО И ПРИМЕНАТА НА СТАНДАРДНИТЕ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ПРЕКУ СТУДИЈА НА СЛУЧАИ

Преку овој документ се прави првична проценка и анализа на решенијата и акциите преземени од страна на државата против трговијата со луѓе во последните две години, со фокус на функционирањето на мобилните тимови и соработката со останатите институции.




## АНАЛИЗА НА ПОЛИТИКИТЕ И УСЛУГИТЕ ДОСТАПНИ ЗА СТРАНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Целта на ова истражување е да се направи преглед на процесот на интеграција за странците во Република Северна Македонија (РСМ), преку статистички преглед на странците што законски престојувале во државата во периодот од 2015 до 2019 година, бројот на странци кои се евидентирале дека престојуваат во државата во август 2019, како и преку анализа на политиките, законите и другите документи кои го регулираат процесот на интеграција на странците на национално и локално ниво. Притоа, овој документ ќе ги таргетира странците со регулиран привремен и постојан престој и нема ги опфаќа странците кои престојуваат туристички во државата како и странците кои се баратели на азил или лица бездржавјанство.




## ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО РАБОТАТА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ОД ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Целта на оваа анализа е од практичен аспект да ги објасни новините во Законот за заштита на личните податоци, како тие влијаат врз работата на невладините организации, а воедно да се одговори и на прашањето како невладините организации да обезбедат тајност и заштита при обработката на личните податоци, имајќи ги предвид категориите на лица со кои се среќаваат во своето секојдневно работење, а чии податоци се упатени да ги обработуваат.


Тековни предизвици за интеграцијата на бегалците, мигрантите и барателите на азил проследена со дискриминација, ксенофобија и кривични дела од омраза

Септември, 2020 година

### ТЕКОВНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ИНТЕГРАЦИЈАТА НА БЕГАЛЦИТЕ, МИГРАНТИТЕ И БАРАТЕЛИТЕ НА АЗИЛ ПРОСЛЕДЕНА СО ДИСКРИМИНАЦИЈА, КСЕНОФОБИЈА И КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Овој документ има за цел да даде приказ на конкретни состојби кои ја рефлектураат дискриминацијата, ксенофобијата и кривичните дела од омраза, насочени кон бегалците, мигрантите и барателите на азил на територијата на РСМ, со краток осврт на дел од состојбите во другите европски земји.

# ДОКУМЕНТИ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ (3)






### ПРИСТАП ДО РАБОТА, ВРАБОТУВАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА СТРАНЦИ ВО РСМ

Овој документ за јавни политики обработува информации за состојбата и пристапот до работа и образование на странците со легален престој во Република Северна Македонија (РСМ). Документот има за цел да прикаже какви политики има усвоено државата во однос на вработување и образование на странците со престој, кои се правата што тие ги имаат во нашата држава и кои се активностите на надлежните органи што придонесуваат кон успешна интеграција на странците.




## ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ И СОЦИЈАЛНИ ПРАВА И УСЛУГИ НА СТРАНЦИТЕ СО РЕГУЛИРАН ПРЕСТОЈ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Овој документ за јавни политики има цел да се направи преглед на регулативата, политиките и праксите коли ги развила државата и локалната самоуправа во врска со стекнување на сопственост од странец како и социјалните права и услуги кои се достапни за странците.




## ВЕШТАЧЕЊЕТО И БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Намерата на овој документ е да ги идентификува и анализира клучните проблеми и предизвици што се појавија во пракса при примената на ослободувањето од трошоците за вештачење за корисниците на секундарната правна помош. Дополнително, документот прави осврт на паралелните процеси кои се одвиваат, а кои имаат влијание врз вештачењето. Врз основа на анализата документот формулира препораки за надминување на идентификуваните проблеми.

# ПРИРАЧНИЦИ И ВОДИЧИ (3)




## ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СЕРВИС ЗА ДАВАЊЕ НА ПРАВНА И ПСИХОСОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА РАНЛИВИ ЖРТВИ НА НАСИЛНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА

Основната намена на овој документ е да се обезбедат квалитетни услуги за поддршка на жртвите на насилни кривични дела со строги правила на кои ќе треба да се придржуваат давателите на услуги како и да го олеснат следењето и надзорот на услугите. Сите предвидени заложби ќе обезбедат максимално придржување до принципот – да не се нанесува штета. Овој документ исто така ќе им послужи и на жртвите за да се информираат за улогата и институциите кои обезбедуваат поддршка на жртвите како и да се информираат за нивните права имајќи го во предвид 3 фактот дека недоволната информираност на жртвите за нивните права ги одвратува од нивното право активно да учествуваат во кривичните постапки.




## ВОДИЧ ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНИ СПОРОВИ

Овој водич е алатка наменета за практична примена на новиот Закон за управните спорови кој започна да се применува во мај 2020 година.






## ПРИРАЧНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРАВНИ РИЗИЦИ ВО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Прирачникот за управување со правни ризици во граѓанските организации воспоставува алатка за рано идентификување и надминување на ризиците од правна природа со кои се соочуваат организациите во рамки на нивното секојдневно работење.

# ИНФОГРАФИЦИ (6)

## ВО ТЕКОТ НА 2020 ГОДИНА ПОДГОТВЕНИ СЕ ВКУПНО 6 ИНФОГРАФИЦИ.

Три од инфографиците се однесуваат на ситуацијата на косовските бегалци од 1999 година во Република Северна Македонија (за период од 2011 до 2019 год.), состојбата со лицата без државјанство 2013-2019 и состојбата со азил и мешани миграции 2011-2019.













Наодите од спроведени теренски посети во воспитно поправни домови и казнено поправните установи беа прикажани во три месечни инфографици. Наодите од инфографиците ги опфаќаа следните периоди: 01.08.2020 – 31.08.2020, 01.09.2020 – 30.09.2020 и 01.10.2021 – 31.10.2020

# СПИСАНИЕ – ПРАВЕН ФОКУС




Со цел континуирана поддршка на младите правници во процесот на градење и зајакнување на нивните капациети во професионалниот развој, МЗМП во 2020 година го издаде своето првото издание од списанието Правен фокус“ (Focus Iuris). Списанието содржи стручни статии од областа на правото подготвени од млади дипломирани правници на теми поврзани со заштитата на човековите права и владеење на правото во нашата држава

Целта на списанието е создавање професионален форум за објавување на стручни статии кој ќе послужи како медиум, каде правничкото мислење и визијата на младите правници во однос на клучни прашања поврзани со човековите права и владеење на правото, можат да бидат артикулирани на кохерентен и методичен начин, а истовремено ќе поттикнат идеи за понатамошно подобрување на нашиот правен систем. Статиите беа уредени и рецензирани од страна на Уредувачки одбор составен од тројца експерти со цел да се обезбеди високо ниво на квалитет на стручните статии.

Во првото издание од списанието застапени се 21 статија од 22 млади правници - автори кои пишуваа за различни теми од областа на правото. Младите правници пишуваа на следните теми:

- **ЧОВЕКОВИ ПРАВА И СЛОБОДИ**
- **ПРАВА НА ДЕЦАТА**
- **РАБОТНИЧКИ ПРАВА И ВРАБОТУВАЊЕ**
- **ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА ОД ТОРТУРА И МАЧЕЊЕ**
- **ЖИВОТНА СРЕДИНА**
- **ВОНРЕДНА СОСТОЈБА И КОВИД – 19**
- **СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И МЕДИУМИ**
- **ПРАВО НА ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**
- **УПРАВНО СУДСТВО И УПРАВНИ СПОРОВИ**

Списанието е подготвено со поддршка на Амбасадата на Кралството Холандија во рамки на проектот“Зајакнување на професионализмот, компетентноста и интегритетот на младите правници во Македонија”.

Здружението учествуваше во изработката на документи во области на кои што МЗМП работи. Во продолжение следи преглед на дел од публикациите во кои МЗМП учествуваше со свој претставник во нивна изработка.




## ПРЕМИНУВАЊЕТО НА ТОВАРОТ НА ДОКАЖУВАЊЕ ВО СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА – ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

Издавач: Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ МАРГИНИ Скопје, Мрежа за заштита од дискриминација

Координатор на програмата за правна помош и стратешко застапување во МЗМП е автор на документот.

Овој документ има за цел да придонесе за унапредување на ефективноста на судската заштита од дискриминација во земјава преку критичка анализа на правната рамка и досегашната судска практика, а фокусирајќи се на товарот на докажување.




## ПРИРАЧНИК ЗА ПРАКТИКАНТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Издавач: Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ МАРГИНИ Скопје, Мрежа за заштита од дискриминација

Проектна координаторка и член на Програмскиот совет на МЗМП е една од авторките на прирачникот.

Прирачникот за примена на практиката на Европскиот суд за човекови права во врска со заштита од дискриминација е создаден со цел да им помогне на правните практичари што не се специјализирани во областа на дискриминацијата да можат полесно да ги применуваат стандардите за заштита од дискриминација. Изборот на основите што се разработени во Прирачникот се направени врз основа на искуството на здруженијата кои се членки на Мрежата за заштита од дискриминација од работата со различни маргинализирани заедници.




## COMMON WESTERN BALKAN MIGRATION POLICY: BORDERS AND RETURNS

Издавач: Група 484 во Белград

Проектни координатори и членови на Програмскиот совет во МЗМП се едни од повеќето автори од различни држави, кои учествуваа во подготовката на документот за јавни политики.

Главната цел на овој документ е да се претстави миграциската состојба во регионот на Западен Балкан, преку преглед на релевантни регулативи насочени кон различни модалитети за враќање на мигрантите. МЗМП даде преглед какви се миграциските трендови и движења во РСМ, како и политиките за заштита на правата на бегалците и мигрантите во периодот што е опфатен со истражувањето

## УЧЕСТВО ВО ИЗРАБОТКА НА ПРОПИСИ

Во текот на 2020 година МЗМП и претставници од здружението беа вклучени и дадоа свој придонес во 7 работни групи за подготовка на закони.

### ▶ ЗАКОН ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА

Во 2020 продолжи процесот на изработка на сеопфатна оценка и ревизија на Законот за правда на децата, МЗМП како дел од работната група се залагаше за: дефинирање на најдобриот интерес на детето во постапките кои овој закон ги опфаќа, олеснување на пристапот до правна помош за децата сторители, жртви и сведоци на кривични дела преку поедноставување на постапката за обезбедување правна помош.

### ▶ ЗАКОН ЗА ИСПЛАТА НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК НА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

МЗМП учествуваше и во изработка на Закон за исплата на паричен надоместок на жртви на кривични дела. Законот претставува новитет во домашниот систем затоа што за прв пат се предвидува ваков вид на право за жртвите на кривични дела со цел да се спречи нивна понатамошна виктимизација. Клучни работи кои што МЗМП се стремеше да бидат вметнати во законското решение се следните: обезбедување лесно достапна постапка, информации и правна помош во постапката за обезбедување паричен надоместок и вклучување на граѓанските организации во промовирање на овој механизам.

### ▶ ЗАКОН ЗА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА

Во текот на 2020 година продолжи процесот на изготвување на нов Закон за парничната постапка каде МЗМП учествуваше во работната група. Во процесот МЗМП застапуваше олеснување на пристапот до правда за сиромашните граѓани и воспоставување посебна постапка по тужба за заштита на колективни права за одредени прашања. Во септември 2020 беше изработен и објавен нацрт текст на законот кој беше ставен на отворена јавна дебата.

### ▶ ЗАКОН ЗА АДВОКАТУРА

МЗМП како претставник на Блупринт групата учествуваше во работната група за измени и дополнувања на Законот за адвокатура. Во рамки на работата беа изработени нацрт измените кои предвидоа воспоставување на систем за почетна и континуирана обука за адвокати, предвидување на дополнителен услов за упис во именикот на адвокати како и други измени насочени кон номотехничко подобрување на текстот на законот.

### ▶ ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

МЗМП учествуваше во работната група за изработка на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство и во 2020 година. Целта на овој закон е да се овозможи соодветна имплементација на одредбите од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција).

## ЗАКОН ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ

Во 2020 година започна процесот на изготвување на измени на Законот за еднакви можности на жените и мажите. Се осмисли целосно ново концептуално решение со кое што насловот е Закон за родова еднаквост. Македонското здружение на млади правници активно учествуваше во работната група со свој претставник кој што даде конструктивни насоки во законското решение за унапредување на мерките за родова еднаквост, родовата интеграција како и субјектите и механизмите одговорни за спроведување на мерките за родова еднаквост и нивните обврски.

## ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА ОД ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО

Македонското здружение на млади правници - МЗМП со двајца претставници се вклучи во процесот на имени на Законот за заштита од вознемирување на работното место. Законот е уште во процес на изготвување. Претставниците на МЗМП се залагаат и дадоа предлози дека во законскиот текст е потребно да се направат измени во делот на превентивни мерки за заштита од вознемирување на работно место, постапката за заштита од вознемирување на работното место кај работодавачот и судската постапка, а се со цел поефикасна и поефективна заштита на лицата.

> ВО ТЕКОТ НА 2020 ГОДИНА МЗМП И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЗДРУЖЕНИЕТО БЕА ВКЛУЧЕНИ ВО ИЗБРАБОКА НА 9 ПОДЗАКОНСКИ АКТИ.

**МЗМП покрај учеството во работни групи паралелно придонесува во процесот на изработка на подзаконски акти. Во 2020 година, МЗМП во соработка со Управата за извршување на санкции изработи предлог верзии на 9 подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за извршување на санкции и учествуваше на неколку работни средби. Од нив веќе 3 се објавени во Службен Весник на Република Северна Македонија.**

## 1. ПОДЗАКОНСКИ АКТ КОЈ ПРОИЗЛЕГУВА ОД ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАНОВАНИЕ

МЗМП беше дел од работната група за подготовка на подзаконски акт за пријавување на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување во основните училишта, предвиден со член 66 став 2 и 3 од Законот за основното образование. Врз основа на работата на оваа група, Министерот за образование донесе Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

## 2. ПОДЗАКОНСКИ АКТИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ

МЗМП во соработка со Управата за извршување на санкции изработи предлог верзии на 8 подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за извршување на санкции и учествуваше на неколку работни средби. Од нив веќе 3 се објавени во Службен Весник на РСМ:

- Правилник за здравствените и психофизичките способности на лицето кое заснова работен однос во затворската полиција, начинот на нивното утврдување и начинот на работа на Комисијата за селекција за вработување на припадник на затворската полиција;
- Правилник за формата и содржината на јавниот оглас, формата и содржината на образецот за пријавување на јавниот оглас, начинот на докажување на исполнување на општите и посебните услови за пополнување на работните места, начинот на спроведување на административната селекција, спроведувањето на интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од нивото на работни места, како и други прашања во врска со постапката на селекција при вработување на припадници во затворска полиција;
- Правилник за начинот на водење на постапка за уредување на материјална одговорност, како и формата и содржината на решението за надомест на штата.

### ИНИЦИЈАТИВА ДО УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) во 2020 година поднесе иницијатива до Уставен суд на Република Северна Македонија за поведување постапка за оценка на уставноста и законитоста на член 12 став 6 од Правилник за распоредување, класификација и разместување на осудени лица во казнено-поправните институции објавен во Сужбен весник бр.87 од 02.04.2020 година.

МЗМП смета дека одредбата од Правилникот е во спротивност со членовите 8, 51, 52, и 96 од Уставот, со член 222 од Законот за извршување на санкции, како и со член 55 став 1 и 61 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа.

МЗМП во иницијативата го спори член 12 став 6 од Правилникот за кој смета дека е во спротивност со темелните вредности на кои почива нашата држава. Исто така е во спротивност со одредбата од Уставот која наведува дека сите прописи мора да бидат во согласност со Уставот и законите, како и дека законските и другите прописи не може да имаат повратно дејство, освен по исклучок кога е тоа поповолно за граѓаните.

Ретроактивното важење на Правилникот е на штета на осудените лица и се создава правна несигурност која води кон двојно казнување на осудените лица за иста дисциплинска повреда МЗМП смета дека постоењето на оваа одредба создава правна несигурност во правниот поредок и доведува до различно, односно нееднакво уживање на погодностите надвор од установата меѓу осудените лица. Одредбата исто така води и кон двојно казнување на осудените лица за иста дисциплинска повреда.

### ПРЕПОРАКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАСИЛЕНИ МЕРКИ НА ЗАШТИТА НА ЛИЦАТА КОИ СЕ ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА СО ВИРУСОТ КОВИД 19

Во март 2020 година, од страна на МЗМП и Хелсиншкиот Комитет за човекови права до надлежните институции се поднесени заеднички препораки за спроведување на засилени мерки на заштита на лицата кои се лишени од слобода во услови на пандемија со вирусот КОВИД 19.

Преку овие препораки се истакна важноста на обезбедување на соодветен пристап до правда, правна помош и здравствена заштита на лицата кои се лишени од слобода во услови на светска здравствена криза предизвикна од ширењето на вирусот КОВИД – 19. Воедно, поттикнати од тоа дека и во нормални услови на затворениците и на лицата лишени од слобода им е отежнат пристапот до здравствена заштита, како и од последната изјава на Комитетот против тортура за третманот на лицата лишени од слобода во услови на пандемија со КОВИД 19 преку овие препораки се апелираше во моменталната состојба на пандемија со КОВИД 19 да не бидат заборавени и лицата лишени од слобода.

## ВМРЕЖУВАЊЕ

МЗМП во 2020 продолжи со активен придонес во работата на тематските мрежи заедно со други граѓански организации. МЗМП е дел од Блупринт групата на граѓански организации за следење на реформи во правосудство, Мрежата за заштита од дискриминација и Платформата за еколошка правда.

МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

БЛУПРИНТ ГРУПА
за реформи во правосудството

ПЛАТФОРМА ЗА ЕКОЛОШКА ПРАВДА

Здружението дополнително се вклучи кон:

- Спроведувањето на глобалната иницијатива Отворено владино партнерство во Северна Македонија во областите на климатски промени и пристап до правда"
- Алијанса за застапување и лобирање „Разбистри се"
- Секретаријат на Коалиција за клима

# Правна едукација

Одржани се вкупно **32 обуки, работилници, предавања, академии, стратешки форуми и едукативни сесии** (настани)

**661 млади правници, студенти, адвокати, претставници од правосудни и владини институции, претставници од образовен систем, претставници на граѓанското општество, новинари, како и населението** беа обучени во соодветна област

**49 млади правници се стекнаа со практични знаења и вештини, а вработени се преку 20 млади правници** со поддршка на МЗМП

Во 2020 година се соочивме со предизвици поради пандемијата, меѓутоа се отворија нови хоризонти на работа и начин на функционирање, па во таа насока активностите во програмата за правна едукација беа прилагодени преку користење на различни online методи и алатки.

Правната едукација е од суштинско значење во работата на здружението, со цел обезбедување, унапредување и заштита на човековите права. Во Програмата за правна едукација се спроведуваат кохерентни и меѓусебно поврзани активности со цел правно зајакнување на капацититети и знаењето на различни фокус групи во зависност од потребите и правните предизвици со кои истите се соочуваат.

Особен фокус во работата на здружението се младите правници. Па во таа насока МЗМП се стреми кон континуирано градење и зајакнување на капацитетите на младите правници преку обуки, практична работа и други едукативни активности со цел зајакнување на нивнот придонес во унапредувањето на правничката професија, остварување на принципот на владеењето на правото и заштита на човековите права.

Со самиот развој на здружението голем дел од активностите се насочени и кон правна едукација на правни професионалци (адвокати, претставници од владини и правосудни институции, теренски работници, мултисекторски тимови) од една страна, но и активности насочени на правно зајакнување на поединци и семејства со ниски приходи и ранливи категории на лица.

# Програма за практикантска работа за млади правници

> **!** ВО ПЕРИОДОТ ОД 2015 ДО 2020 ГОДИНА **ПРОГРАМАТА ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА УСПЕШНО ЈА ИМААТ ЗАВРШЕНО 517 МЛАДИ ПРАВНИЦИ**.

Во недостаток на можности за практично усовршување на правните вештини, МЗМП од 2015 година ја спроведува Програмата за практикантска работа преку која младите правници имаат можност да обавуваат практична работа во судовите, канцелариите на Народниот правобранител, адвокатски канцеларии и граѓански организации во државата. Во рамки на оваа Програма, младите правници имаат можност да посетуваат различни обуки со цел стекнување на дополнителни знаења и вештини.

Во 2020 година спроведени се 2 циклуси од Програмата за практикантска работа и беа вклучени 49 практиканти кои обавуваа пракса во времетраење од 3 месеци.

Програма за практикантска работа 2020 година → **2** циклуси → **6** градови → **49** практиканти

Практикантите дел од Програмата за практикантска работа ја обавуваа својата пракса во следните градови: Скопје, Тетово, Прилеп, Куманово Охрид и Битола.

Соработката на МЗМП во текот на годината се остваруваше со:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **14** Адвокатски канцеларии | **5** Основни судови во РСМ | **1** Апелационен суд во РСМ | **4** Невладини организации | Управниот суд на РСМ | **4** канцеларии на Народниот правобранител на РСМ |

Стекнувањето на прво работно искуство преку спроведување на практична работа од страна на млади дипломирани правници има клучна улога во правното образование и може да биде успешен дел во борбата против невработеноста кај младите и притоа да ги направи конкурентнти кандидати за идно вработување.

**Во 2020 година:**

**61% го оценија квалитетот на практикантската работа со оценка 5, додека 29%% дале оценка 4.**

**86% од практикантите оцениле дека нивната конкурентноста на пазарот на трудот е зголемена по завршување на Програмата за практикантска работа.**




**20 млади правници од Програмата за практикантска работа продолжија со пракса или се вработија во институцијата или адвокатската канцеларија во која беа распоредени да ја извршуваат практичната работа.**



Во рамки на Програмата, практикантите беа дел обуки на следните теми:

- ▶ ПРАКТИЧНИ ПРАВНИ ВЕШТИНИ И ОСНОВНИ ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ НА ПРАВНАТА ПРОФЕСИЈА
- ▶ ВЕШТИНИ ЗА БАРАЊЕ НА РАБОТА ВО ПРАВНАТА ПРОФЕСИЈА
- ▶ СЕНЗИБИЛИЗАЦИЈА ЗА ПРАВНИТЕ ПОТРЕБИ НА НАЈМАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ГРУПИ ВО ОПШТЕСТВОТО

Програмата за практикантска работа е поддржана од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје.



## ОЛИВЕР ВИДИКОВ

### Практикант во канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје преку Програма за практикантска работа на МЗМП

Вмрежувањето и едукацијата низ програмата се неопходни за секој млад правник и како такви се од голема вредност за секој кој има интерес да изгради кариера во областа на правото. Од една страна, можноста да се посетува пракса во институција како Народниот правобранител за мене беше бесценета затоа што ми даде непосреден увид во заштитата на човековите права, мониторинг процесите врз државните институции и една нова перспектива кон она што значи владеење на правото. Од друга страна, практикантската работа ми пружа шанса да соработувам со луѓе кои имаат долгогодишно искуство во заштитата на човековите права. Дотолку повеќе, нивната менторска поддршка и насоки ме инспирираа да истражувам подлабоко во областа на родовата еднаквост и семејното насилство, со што ги зајакнав моите аналитички и истражувачки вештини. Дополнително, акцентот кој е ставен на развивање на soft-skills, како обуката за сензибилизација, е она што ја комплетира програмата и ја прави совршена платформа за оние кои ја посетуваат.”

## МИЛА ПЕТРОВА



### Практикантка во адвокатска канцеларија Тумановски во Скопје преку Програма за практикантска работа на МЗМП

Практикантската работа што ја организира МЗМП претставува можност сите оние коишто го сакаат правото во вистинска смисла на зборот да научат повеќе од она што им го пружа факултетот. Здружението има чувство и секогаш гледа да излезе во пресрет на своите членови и да им овозможи практикантската работа да ја извршуваат онаму каде што имаат најголем интерес. Така, благодарение на Здружението мојот интерес за кривичното право е збогатен со огромно искуство работејќи во адвокатската канцеларија Тумановски. Да се учи од врвен адвокат – кривичар е привилегија и сум благодарна за секој споделен збор и знаење за коишто верувам и се надевам дека ќе ми бидат од корист во понатамошната моја кариера, со оглед на тоа дека во иднина се гледам како дел од експертската јавност чие поле на интерес е токму кривичното право.

## РАБИЕ БАЈРАМОСКА



### Практикантка во канцеларијата на Народниот правобранител во Битола преку Програма за практикантска работа на МЗМП

Во текот на моето студирање развив огромен интерес во областа на човековите права, имајќи предвид дека хуманоста е одлика на мојот идентитет. МЗМП стана дел од мојот професионален живот уште во 2018 година каде што земав учество на повеќе конференции. Во 2020 година добив можност за практиканска работа во регионалната канцеларија на Народниот правобранител во Битола.

Практичната примена на правните норми и стандарди, кои до пред извесно време беа присутни во моите учебници и скрипти, ги согледував како заземаат форма на жива материја во текот на тримесечната практична работа.

Можноста за практиканска работа во канцеларијата на Народниот правобранител не само што ми донесе нови знаења, вештини и познанства, исто така ме научи како еден правник да се носи со многубројни предизвици во својата кариера каде што хуманоста, чесноста, лојалноста и солидарноста да се на пиедесталот.

# Обуки, работилници, предавања, академии, стратешки форуми и едукативни сесии (настани)




Имајќи го предвид големото практично искуство и стручноста на МЗМП како организација која работи веќе 17 години на различни области поврзани со заштитата на човековите права и владеењето на правото преку многубројни спроведени активност, здружението подготви Портфолио за обуки од областа на право. Главната цел на портфолиото за обуки од областа на правото е да се даде преглед на областите за кои здружението има искуство и знаење и спроведува обуки.

ОД ОСНОВАЊЕТО НА ЗДРУЖЕНИТО ДО 2020 ГОДИНА, МЗМП ИМА ОРГАНИЗИРАНО **541 ОБУКИ, РАБОТИЛНИЦИ И ОСТАНАТИ НАСТАНИ** ПРЕКУ КОЈ **6.256 ГРАЃАНИ, ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, МЛАДИ ПРАВНИЦИ, АДВОКАТИ И ОСТАНАТИ ПРАВНИ ПРОФЕСИОНАЛЦИ СЕ ОБУЧЕНИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА** НА НАЦИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО НИВО.

# 2020 година

**32 настани** → **17 правни области** → **661 обучени лица**

Во текот на 2020 година, настаните беа наменети за различни категории лица и правни професионалци на теми од областа на правото со цел зајакнување на нивните капацитети во областа на правото, подобрување на системот за почитување и заштита на човековите права во државата. Во зависност од конкретниот настан, учесници на настаните беа:

- **АДВОКАТИ;**
- **ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ,**
- **ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ПРАВОСУДНИ И ВЛАДИНИ ИНСТИТУЦИИ;**
- **СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ;**
- **ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СРЕДНИ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА;**
- **НОВИНАРИ И МЕДИУМСКИ РАБОТНИЦИ;**
- **МЛАДИ ПРАВНИЦИ И СТУДЕНТИ ПО ПРАВО;**
- **УЧЕСНИЦИ;**
- **ПОЕДИНЦИ И СЕМЕЈСТВА СО НИСКИ ПРИХОДИ И РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ЛИЦА.**

**32 настани**

- **8** обуки, **1** академија
- **16** работилници и предавања
- **5** едукативни сесии
- **1** стратешки форуми, **1** симулација на судење

## ОБЛАСТИ НА ОРГАНИЗИРАНИ НАСТАНИ ВО 2020 ГОДИНА

- ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА НА РАЗЛИЧНИ КАТЕГОРИИ НА ЛИЦА
- ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ЛИЦА ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА И ПРАВНА ЗАШТИТА ОД ТОРТУРА И НЕХУМАН ТРЕТМАН ВО УСТАНОВИТЕ ВО КОИ ЛИЦА СЕ ЛИШУВААТ ОД СЛОБОДА
- ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА СО ФОКУС НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ, ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
- Извршување на пресуди на Европскиот суд за човекови права
- Работни односи и човекови права на работно место
- Меѓународна заштита и бездржавјанство
- Родово базирано и семејно насилство
- Сензибилизација и работа со ранливи категории на лица
- Бесплатна правна помош и работа со странки
- Практични правни вештини и основни етички вредности на правната професија
- Вештини за барање на работа во правната професија

Неизоставен дел во правната едукација се и граѓанските организации, имајќи го предвид нивното значење во однос на остварувањето на принципите на добро владеење и владеење на правото како и во заштита на човековите права.

МЗМП организираше обуки за зајакнување на внатрешните капацитети и знаења на граѓански и невладините организации, како и поддршка во процесот на финансиска оддрживост.

За таа цел, во 2020 година се организираа 8 обуки и работилници наменети за граѓански и невладини организации, на кои присуствуваа 149 претставници. Обуките беа организирани на следните области:

- **РАКОВОДЕЊЕ НА ПРОЕКТЕН ЦИКЛУС**
- **ПРАВИЛНО ДЕФИНИРАЊЕ И ФОРМУЛИРАЊЕ НА ПРОЕКТНИ ЦЕЛИ РЕЗУЛТАТИ, АКТИВНОСТИ И ИНДИКАТОРИ**
- **ИДЕНТИФИКУВАЊЕ ПОТЕНЦИЈАЛНИ ДОНАТОРИ ЗА ВРЕМЕ НА COVID 19 КРИЗАТА**
- **Работа и комуникација со странки и адресирање на нивните потреби**
- **Пристап, комуникација и развивање соработка со институции**
- **Усогласеност на работењето на ГО со законската рамка и управување со правни ризици**

Во продолжение следи краток приказ на дел од настаните организирани во 2020 година.

# Родово базирано и семејно насилство




Во областа на родовото базирано насилство се одржаа вкупно 4 работилници, 1 предавање и 2 едукативни сесии, на кои присуствуваа вкупно 134 учесници.

4 работилници се одржаа во соработка со шест средни училишта во во однос на подигање на свеста и креирање на алатки за информирање на врсници и на пошироката заедница за штетните последици на родовите стереотипи и родово базираното насилство, како и истражување и пишување во оваа област, а наменети за училишни тимови (професори, психолози и педагози) и ученици. На секоја работилница имаше посетеност од по 14 учесници, при што на воведната работилница учествуваа вкупно 26 учесници.

Предавањето за родово базирано и семејно насилство беше посетено од страна на 24 млади правници и студенти по право, додека пак 42 индивидуи беа дел од 2 едукативни сесии на оваа тема. Целта на едукативните сесии е зајакнување на правното познавање на населението во областа на родово базирно и семејно насилство и права од социјална заштита кои може да ги остваруваат доколку станат жртва на семејно и родово базирано насилство.

# Човековите права на лица лишени од слобода и правна заштита од тортура и нехуман третман во установите во кои лицата се личуваат од слобода




Во областа на заштитата на правата на лица лишени од слобода се одржаа 1 обука, 1 предавање и 1 стратешки форум на кои присуствуваа 73 учесници.

На предавањето за човекови права на лица лишени од слобода, младите правници и адвокатите имаа можност да се стекнат со знаења во однос на меѓународните и домашните стандарди кои ги регулираат правата на лицата лишени од слобода, како и апсолутна забрана за мачење на овие лица согласно ЕКЧП. Исто така, се отвори дикусија за начинот на постапување со лицата лишени од слобода и обврските на државата во однос на заштита на овие лица. На предавањето присуствуваа 31 учесник.

21 адвокат беа дел од обука за правна заштита од тортура и нехуман третман во установите во кои лица се лишуваат од слобода, кои подоцна како дел од тимот на адвокати на МЗМП имаа можност да ги применат нивните знаења и вештини во процес на нудење на правна помош и застапување на овие лица.

МЗМП организираше стратешки форум на кој се дискутираше за условите во пенетенцијарните установи и заштита на осудените лица од тортура и нехуман третман и свое присуство земаа 21 претставник од Управата за извршување на санкции, казнено поправни установи, воспитно поправни домови, адвокати, правници и здруженија.

# Извршување на пресуди на Европскиот суд за човекови права




МЗМП во соработка со Европската мрежа за имплементација организираа обука за улогата на адвокатите во процесот на извршување на пресуди на ЕСЧП. Целта на обуката беше зајакнување на капацитетите на адвокатите во Р.С.М во процесот на извршување и ефикасно застапување за извршување на пресудите. На обуката свое учество земаа 37 адвокати.

# Работни односи и човекови права на работното место




Во областа на работните односи се одржа 1 предавање и 1 едукативна сесија, на која присуствуваа 31 учесник.

Младите правници и студените по право беа дел од предавањето за човековите права од работен однос, преку кои имаа можност да се запознаат со правата од работен однос, гледани од аспект на човековите права, но и дали вонредната состојба со која се соочивме истите ги ограничува и во кој обем.

На едукативната сесија која имаше цел зајакнување на правното познавање на населението во областа на работните односи и спорови предизвикани од пандемијата, присуствуваа 10 граѓани.

# Заштита од дискриминација на различни категории на лица

3
НАСТАНИ

50
УЧЕСНИЦИ

Во областа на дискриминација се одржаа 2 предавања и 1 едукативна сесија на кои присуствуваа 50 учесници.

Младите правници преку две предавања се запознаа со суштината на правото на еднаквост, да ги препознаат различните облици на дискриминација, како и правната заштита од дискриминација. Дополнително имаа можност да се запознаат со дискрминацијата низ призмата на ЕСЧП. На предавањата присусвуваа 31 учесник.

Дискриминацијата и правата на лицата со попреченост беше тема опфатена на едукативна сесија наменета за поединци и семејства кои се соочуваат со овој проблем, а на која присусвуваа 19 учесници.

# Бесплатна правна помош и работа со странки

3
НАСТАНИ

37
УЧЕСНИЦИ

Во областа на бесплатна правна помош и работа со странки, беа организирани 1 обука, 1 работилница и 1 едукативна сесија на кои присусвуваа 37 учесници.

8 претставници од невладините организации беа дел од работилницата за работа и комуникација со странки, како и адресирање на нивните потреби, додека пак 13 индивидуи беа дел од едукативна сесија каде ги зајакнаа своите знаења за остварување на правото на бесплатна правна помош и права од социјална заштита.

Мобилните тимови (правници и социјални работници) формирани од МЗМП, за зајакнување на поддршката на семејства во ризик и подобрување на нивниот пристап до социјалните и останатите права и услуги беа обучени за работа и комуникација со странки во социјален ризик пред отпочнување со нивна работа. На обуката присуствуваа 16 претставници.

# Меѓународна заштита и бездржавјанство

2 НАСТАНИ

88 УЧЕСНИЦИ

МЗМП во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители одржаа симулација на судење за предмети од областа на азилот согласно новиот Закон за управните спорови. Целта на оваа симулација беше разработување и доближување на материјата на меѓународна заштита на идните судии кои преку дадениот случај се стекнаа со искуство за тоа како се спроведува постапката за азил во Северна Македонија, ги изведоа клучните поенти во однос на критериумите за добивање меѓународна заштита и употребата на домашната и меѓународната регулатива релевантна за оваа материја. На настанот активно учество земаа 77 учесници.

Со 11 новинари и медиумски работници се одржа работилница за за начинот на известување за заштита на правата на бегалците и лицата без државјанство. Целта на работилницата е поддршка на професионалното новинарство кое ги информира граѓаните на темите за заштита на бегалците и барателите на азил, нивна интеграција, како и искоренување на бездржавјанството во нашата држава.

# Практични правни вештини и основни етички вредности на правната професија, вештини за барање на работа во правната професија и сензибилизација

3 НАСТАНИ

42 УЧЕСНИЦИ

Како дел од Програмта за практикантска работа со цел стекнување на дополнителни вештини и знаења, се организираа 3 обуки со кохерентно структуирани теми во насока на зајакнување на капацитетите и конкуренцијата на пазарот на трудот на младите правници. На обуките активно присусво земаа 42 млади правници.

# Академија за човекови права

МЗМП организираше тридневна Академија за човекови права на која учествуваа 28 млади правници. Целта на академијата е зајакнување на капацитетите и унапредување на знаењето на младите правници за заштитата на човекови права со посебен фокус на меѓународните инструменти, Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП).

На првиот ден се направи осврт на потеклото, целта и правната рамка на меѓународното право за човекови права со посебен фокус на правата загарантирани со ЕКЧП, како и правната и институционалната рамка во Р.С.М. Дополнително, на учесниците им беше прикажано како да пребаруваат пресуди на ЕСЧП на hudoc.echr.coe.int. За да стекнат практично знаење на учесниците им беа дадени предмети од ЕСЧП за да детектираат кои права загарантирани со ЕКЧП се повредени.

На вториот ден се претстави начинот на фунционирање на ЕСЧП и критериумите за допуштеност. Детално се разработија сите основи за недопуштеност и тоа: процесни основи за недопуштеност, основи за недопуштеност кои се однесуваат на надлежноста на ЕСЧП, како и основи за недопуштеност кои се однесуваат на самата основаност. Исто така, учесниците работеа на практични случаи во однос на критериумите за допуштеност и пополнување на образец за жалба пред ЕСЧП

Последниот ден од академијата беше наменет за извршување на пресудите и одлуките на ЕСЧП во РСМ. Учесниците научија за законската и институционална рамка во процесот на извршување на пресудите, обврските и одговорноста на државите по донесување на пресуда/одлука од страна на ЕСЧП, како и за правата на жалителите во постапката на извршување на пресудите/одлуките на ЕСЧП. На учесниците им беше прикажано како да ја користат алатката hudoc.exec.coe.int при пребарување на пресуди во процес на извршување. Младите правници преку работа на случаи предлагаа индивидуални и генерални мерки коишто државата може/треба да ги преземе со цел правилно и ефективно извршување на пресудите/одлуките. На крајот на Академијата осврт се даде и на повторувањето на постапките во нашата држава по донесена одлука пресуда на ЕСЧП.



# HELP DESK за млади правници (поддршка при барање работа и пракса)

| |
|---|
| Споделени 51 повик за работни позиции |
| Споделени 21 повик за обуки |
| Вработени или ангажирани 23 млади правници |

МЗМП започнувајќи од 2018 година воспостави HELP DESK (канцеларија за поддршка) за млади правници со цел обезбедување на поддршка при барање на работа или пракса. Канцеларијата продолжи да функционира во 2019 и 2020 година.

Целта на канцеларијата за советување на млади правници е постојана поддршка при барање на работа или пракса со поврзување на младите правници со потенцијални работодавачи, како и помош при изработка на кратка биографија, мотивациско писмо и припрема за интервју за работа. МЗМП има формирано база на податоци кои што содржат информации за отворени работни позиции и повици за практикантство/волонтерство за млади правници и редовно се споделуваат преку е-пошта, со цел да се поврзат младите правници кои бараат работа со правни фирми, канцеларии и организации. Дополнително, преку оваа алатка МЗМП постојано споделува информации во однос на обуки и работилници кои се наменети за млади правници со цел зајакнување на нивните капацитети и усовршување остручување во конкретна област.

Во текот на 2020 година беа споделени 51 повик за работни позиции и 21 повик за обуки. Вкупно за 23 работни места МЗМП им помогна и ги поврза дипломираните студенти по право кои бараа работа во адвокатска канцеларија и граѓански организции.

40 млади правници беа обучени за вештини за барање на работа, подготовка на кратка биографија, мотивационо писмо и интервју за работа.

# E-LEARNING платформа

Платформата продолжи да функционира во рамки на проектот „Креирање култура кон родова еднаквост" финансиран од UN Women и ЕУ.

120 средношколци од 6 училишта креираа содржини наменети за разбирање, препознавање и сузбивање на родовите стереотипи, како и за препознавање на потребата и начините на реагирање и пријавување на родово базирано и семејно насилство. Учениците креираа анализи, спроведуваа анкети, дизајнираа постери, организираа дебати и креираа видеа и кратки филмови, преку кои се обратија на своите врсници со цел да ги информираат, заинтересираат и да ги мотивираат да се вклучат во заедничко движење кон постигнување на родова еднаквост како клучен предуслов за целосна заштита и остварување на човековите права за сите.

Нивната работа е поставена на платформата за учење на МЗМП: **https://e-learning.myla.org.mk/mladi.** Покрај средношколските трудови, оваа платформа содржи и снимени предавања преку кои младите, но и нивните професори и родители, можат да се стекнат со теоретски знаења од областа на заштитата од родово базирано и семејно насилство. Сите овие материјали остануваат достапни на платформата за индивидуално користење, но и како дополнителни материјали при разработување на овие теми од страна на средните училишта.



# ПОДДРЖАНИ ГРАНТИСТИ ВО 2020 ГОДИНА

Во текот на 2020 година Македонското здружение на млади правници, додели 10 грантови на 10 новинари. Грантовите се доделени во рамки на проектот"Застапување, обезбедување информации, за постапката на азил, правна помош и застапеност на лицата од интерес и Превенција и намалување на бездржавјанство" поддржан од УНХЦР.

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ГРАНТИСТОТ | ИМЕ НА ПРОЕКТОТ | ЦЕЛ НА ЗАСТАПУВАЊЕ | ИЗНОС НА ГРАНТ (ВО ДОЛАРИ) |
|---|---|---|---|
| Миомир Серафимовиќ | „Застапување, обезбедување информации за постапката за азил, правна помош и застапеност на лицата од интерес на УНХЦР и Превенција и намалување на бездржавјанство" | Промоција и заштита на правата на бегалците во Република Северна Македонија<br><br>Видео прилог | 1500 |
| Филјана Кока | „Застапување, обезбедување информации за постапката за азил, правна помош и застапеност на лицата од интерес на УНХЦР и Превенција и намалување на бездржавјанство" | Промоција и заштита на правата на бегалците во Република Северна Македонија<br><br>Видео прилог | 1500 |
| Катерина Топалова | „Застапување, обезбедување информации за постапката за азил, правна помош и застапеност на лицата од интерес на УНХЦР и Превенција и намалување на бездржавјанство" | Промоција и заштита на правата на бегалците во Република Северна Македонија<br><br>Видео прилог | 1500 |
| Билјана Богдановска | „Застапување, обезбедување информации за постапката за азил, правна помош и застапеност на лицата од интерес на УНХЦР и Превенција и намалување на бездржавјанство" | Промоција и заштита на правата на бегалците во Република Северна Македонија<br><br>Пишан прилог | 700 |
| Александар Самарџиски | „Застапување, обезбедување информации за постапката за азил, правна помош и застапеност на лицата од интерес на УНХЦР и Превенција и намалување на бездржавјанство" | Промоција и заштита на правата на бегалците во Република Северна Македонија<br><br>Графичка сторија | 2000 |

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ГРАНТИСТОТ | ИМЕ НА ПРОЕКТОТ | ЦЕЛ НА ЗАСТАПУВАЊЕ | ИЗНОС НА ГРАНТ (ВО ДОЛАРИ) |
|---|---|---|---|
| Ивана Настевска | „Застапување, обезбедување информации за постапката за азил, правна помош и застапеност на лицата од интерес на УНХЦР и Превенција и намалување на бездржавјанство“ | Промоција и заштита на правата на бегалците во Република Северна Македонија<br><br>Графичка сторија | 2000 |
| Мартин Пушевски | „Застапување, обезбедување информации за постапката за азил, правна помош и застапеност на лицата од интерес на УНХЦР и Превенција и намалување на бездржавјанство“ | Промоција и заштита на правата на лицата бездржавјанство/ искоренување на бездржавјанството во Република Северна Македонија„<br><br>Видео прилог | 1500 |
| Валентина Вурмо | „Застапување, обезбедување информации за постапката за азил, правна помош и застапеност на лицата од интерес на УНХЦР и Превенција и намалување на бездржавјанство“ | Промоција и заштита на правата на лицата бездржавјанство/ искоренување на бездржавјанството во Република Северна Македонија„<br><br>Пишан прилог | 700 |
| Александра Максимовска | „Застапување, обезбедување информации за постапката за азил, правна помош и застапеност на лицата од интерес на УНХЦР и Превенција и намалување на бездржавјанство“ | Промоција и заштита на правата на лицата без државјанство/ искоренување на бездржавјанството во Република Северна Македонија„<br><br>Пишан прилог | 700 |
| Петар Клинчарски | „Застапување, обезбедување информации за постапката за азил, правна помош и застапеност на лицата од интерес на УНХЦР и Превенција и намалување на бездржавјанство“ | Промоција и заштита на правата на лицата без државјанство/ искоренување на бездржавјанството во Република Северна Македонија„<br><br>Графичка сторија | 2000 |

# 16 YEARS | MYLA KEY FIGURES

**31** CURRENT EMPLOYEES

**5** MYLA OFFICES

**32** DONORS

**11** REGIONAL & INTERNATIONAL NETOWRK MEMBERSHIPS

**120,473** REFUGEES AND MIGRANTS PROVIDED WITH LEGAL INFORMATION

**468** YOUNG LAWYERS PARTICIPATED IN MYLA INTERNSHIP PROGRAMS

## 22,067
BENEFICIARIES PROVIDED WITH LEGAL ASSISTANCE

| 13,734 | 3,638 | 3,396 | 974 | 183 | 56 | 54 | 32 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ASYLUM & MIGRATION | FREE LEGAL AID CASES | STATELESSNESS | DISCRIMINATION & OTHER ISSUES | SOCIAL PROTECTION FOR CHILDREN | VICTIMS OF VIOLENCE | CONVICTED PEOPLE | LEGAL AID FOR CIVIL SOCIETY ORGANIZATIONS |

**87** STRATEGIC LITIGATION CASES

**34** APPLICATIONS TO ECtHR

**518** INITIATED COURT PROCEDURES

**5,595** TRAINED LAWYERS, LEGAL PROFESSIONALS, NGOs & LOW INCOME BENEFICIARIES

**509** ORGANIZED EVENTS & TRAININGS

**135** PUBLICATIONS & ANALYSIS PREPARED

**24** LAWS & BY-LAWS PARTICIPATED IN THROUGH PROCESS OF PREPARATION

# Зајакнување на јавната свест и соработка

За време на парадигматичната 2020 година одбележана со појавувањето на КОВИД-19 и општествените бранувања кои ги предизвика, Македонското здружение на млади правници во рамки на речиси сите свои проекти посветено работеше на подигнување на јавната свест преку стратешки комуникациски кампањи, експертски коментари во традиционални и дигитални медиуми, поддршка на новинари, придружување кон заеднички кампањи во заедницата, одбележување на значајни денови и изработка на информативни материјали во различни области Овие активности продолжија во областите во кои МЗМП континуирано работи, но со дополнителен и зајакнат фокус врз правните аспекти на заштитата на животната средина, како и оние поврзани со состојбите кои произлегоа од КОВИД-19 кризата.

Освен матичната вебстрана myla.org.mk, МЗМП споделува содржини и на e-learning.myla.org.mk, pristapdopravda.mk и kazistop.mk. На социјалните мрежи, МЗМП е присутна на Фејсбук, Инстаграм и Јутуб.

# Видеа за подигнување на јавната свест и застапување

Во 2020 година, во рамки на различни проекти беа изработени повеќе видеа со цел подигнување на јавната свест и застапување.

Преку две видеа се покажаа сведоштвата на баратели на бесплатна правна помош и решавањето на нивните случаи со помош на МЗМП.



**ПРИКАЗНАТА НА СУЗАНА И НИКОЛА - БПП МЗМП**



**ПРИКАЗНАТА НА ФЛОРИМ - БПП МЗМП**




## МОБИЛНИ ТИМОВИ ЗА ПРАВНА ПОДДРШКА НА ПОЕДИНЦИ И СЕМЕЈСТВА СО НИСКИ ПРИХОДИ

Работата на мобилните тимови за правна поддршка на поединци и семејства со ниски приходи за правното зајакнување на локалното население преку едукативни сесии како нов и иновативен начин на групно учење се промовираше преку видео во кое се прикажуваат постигнатите резултати.



## НЕ ТЕ СЛЕДИ ДОБРОНАМЕРНО СЕКОЈ FOLLOWER

Во чест на Светскиот ден на бегалците, се доделија наградите од петтиот циклус на награди за професионално известување за состојбата на бегалците при мешаните миграциски движења за 2018 година, организиран од страна на Македонското здружение на млади правници, во соработка со Здружение на новинарите на Македонија и Претставништвото на УНХЦР во Скопје.



## НЕ Е СЕКОЈ CHAT БЕЗОПАСЕН МУАБЕТ




## НЕ Е СЕКОЈ FRIEND REQUEST ПРИЈАТЕЛСКИ




МЗМП се вклучи кон кампањата **„Разбистри сè“** која има за цел да ја подигне свесноста на граѓаните за овие проблеми, да го зголеми влијанието за носење или промени на јавните политики, како и да овозможи поголем дијалог од надлежните институции во процесот на креирањето на политиките. Свое видување за правната заштита на животната средина и остварување на правото на здрава животна средина даде претставник од здружението.

**Законите и мерките мора да се надградуваат за да ја заштитат природата.**




МЗМП се вклучи и во кампањата“16 денови активизам против родово базирано насилство”. Повлекувањето на луѓето низ целиот свет во своите домови поради рестриктивните мерки воведени за спречување на пандемијата поради КОВИД 19, доведе до зголемување на веќе постоечката пандемија на насилството кое се случува врз жените и девојчињата. Во насока на заштита на жртви на насилни кривични дела МЗМП редовно споделуваше информативни постови на Фејсбук страната - **Правна поддршка на ранливи жртви на насилни кривични дела.**






Правниците од здружението дадоа свој професионален коментар во различни области од правото на неколку наврати на vidivaka.mk, преку 20 појавувања на samo-prasaj.mk, потоа на sdk.mk, radiomof.mk medium.edu.mk, slobodna.tv, Код на telma.com.mk, 360, alsat.mk, 24info.mk, kanal5.mk, sitel.mk, pina.mk, mia.mk .

**Преку тужби до социјална помош**




Бесплатната правна помош го олеснува пристапот до правда за лица со ниски приходи и маргинализирани групи.

Погледнете го интерективното видео кое ќе Ви даде одговор на прашањата - <u>**Што е бесплатна правна помош и кој може да ја добие?**</u>



## МОТИВАЦИСКИ НАСТАН -„ИСТАКНАТ ПРАВНИК – ЧЕКОРИ ДО УСПЕХ"

Како дел од мисијата да ја инспирира заедницата на младите правници за важноста и карактеристиките на правната професија, МЗМП веќе трета година по ред организира специфичен настан насловен"Истакнат правник – чекори до успех" осмислен да ги мотивира младите правници во градењето на кариерата и да ги запознае со квалитетите кои треба да ги поседува еден успешен правник.

На овогодинешниот настан кој се одржа на онлајн платформата zoom, четириесет и осум млади правници со задоволство ги слушаа говорниците на овогодинешниот настан- Г-ѓа Гзиме Старова, професор на правниот факултет"Јустинијан Први", поранешен Судија на Уставниот суд на РСМ и поранешен член на Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ и Г-дин Љубомир Михајловски, претседател на Управниот одбор на Адвокатска комора на РСМ, адвокат и поранешен Министер за внатрешни работи.

Здружението продолжува да ги гради капацитетите за ефективна комуникација и водење кампањи за подигнување на јавната свест преку надградување на својот персонал со посети на обуки и работилници и набавка на соодветни алатки за поефективна работа и резултати.

# Награди за новинари

Во чест на Светскиот ден на бегалците, се доделија наградите од шестиот циклус на награди за професионално известување за состојбата на бегалците при мешаните миграциски движења за 2019 година, организиран од страна на Македонското здружение на млади правници, во соработка со Здружение на новинарите на Македонија и Претставништвото на УНХЦР во Скопје.

Во категорија натпис или серија натписи наградата ја доби Менче Атанасова Точи за написот под наслов „Починатите бегалци и мигранти во „дупката" на институцианалната негрижа", медиум на објавување: НОВА ТВ, додека во категорија емисија, прилог или краток документарец доделени се две награди едната награда припадна на Ѓорѓи Личовски за прилогот под наслов „Mother Lenche with ilegal migrants full edit Georgi Licovski North Macedonia", медиум на објавување: агенција EFE, другата награда припадна на Еви Шкопи за прилогот под наслов „90 годишната Сафије Пајазити е една од многуте лица кои немаат лични исправи", медиум на објавување: ТВ АлсатМ.

# Известување на јавноста за донесени уредби со законска сила во време на вонредна состојба

При прогласувањето на вонредна состојба, Владата на Република Северна Македонија во согласност со Уставот и со закон (член 126 од Уставот) донесува уредби со законска сила кои се директно применливи. Ваквото овластување Владата да донесува уредби со законска сила трае до завршувањето на вонредната состојба.

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) со цел информирање на јавноста редовно ги објавуваше и споделуваше Уредбите со законска сила донесени од Владата на РСМ за целиот период на web страната на здружението – www.myla.org.mk и на социјалната мрежа Фејсбук.

# МЗМП дел од од Главниот штаб при Центарот за Управување со Кризи (ЦУК)

По прогласувањето на Кризната состојба, Владата го избра МЗМП да биде дел од Главниот штаб при Центарот за Управување со Кризи (ЦУК) како претставник од граѓанскиот сектор  каде дирекно учествуваме во следење на преземените мерки и активности за справување со Ковид 19 паднемијата.

# Меморандуми за соработка 2020

Во текот на 2020 година МЗМП склучи 33 меморандуми за соработка.

- Адвокатска комора на РСМ
- Министерство за правда
- Министерство за внатрешни работи
- Министерство за внатрешни работи
- Управа за извршување на санкции
- Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“
- Здружение „ПСИХОТЕРАПИКА“ Скопје
- Институт за комуникациски студии - во рамки на кампањата за застапување и лобирање „Разбистри се“
- Меморандум за соработка со невладини организации за приклучување во Платформа за еколошка правда
- Здружение за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија, Архус Центар
- Средно училиште на град Скопје „Шаул Јусуф“
- Средно општинско училиште „ДИМИТАР Мирасчиев“ Ц.О Штип
- Средно општинско училиште на град Скопје „Орце Николов“
- Средно стручно училиште „Моша Пијаде“ Тетово
- Општинско средно училиште „ДРИТА“ Кичево
- Општинско средно техничко училиште „НАЦЕ БУЃОНИ“ – Куманово
- 13 адвокати
- 5 преведувачи

# Организација и човечки ресурси

## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Собранието на МЗМП во 2020 одржа една вонредна седница на која се усвои завршната сметка за 2019 и се одложи редовното собрание поради пандемијата. На Собранието се продолжи мандатот на член на Управен одбор и претседателот. Собранието е највисок орган на здружението кое ги избира членовите на Управниот одбор и претседателот. Во работатата на Собранието учествуваат сите членови на МЗМП со подмирена членарина за годината во која се одржува Собранието. Во 2020 Собранието го сочинуваа 23 членови со право на глас.

Управниот одбор како клучен орган надлежен за донесување одлуки и вршење надзор над работата на здружението одржа 5 состаноци додека за носење итни одлуки согласно Статутот се користеше електронско заседавање и гласање.

Претседателот на МЗМП како извршен орган обезбедуваше спроведување на Стратешкиот план на организацијата, одлуките на УО како и се грижеше за координација на работата на програмската канцеларија на МЗМП. Работатата на Претседателот е поддржана од Програмскиот совет кој го сочинуваат сите постарите/виши (senior) проектни менаџери како и од одделот за финансии и администрација.

*Организациска структура на МЗМП*



**УПРАВЕН ОДБОР**

- Љупка Новеска Андонова, адвокат
- Диме Ѓорчевски, адвокат
- Софија Бојковска Дуковска, адвокат
- Борјанка Моневска, адвокат

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

- Зоран Дранговски

**ФИНАНСИИ И АДМИНИСТАРЦИЈА**

- Бедрија Колашинац, финансиски менаџер
- Даниела Настевска, финансиски менаџер
- Лилјана Цекиќ Лазороска, финансиски менаџер

**ПРОГРАМСКИ СОВЕТ**

- Зоран Дранговски, претседател
- Назиф Авди, постар проектен менаџер
- Ирена Здравкова, постар проектен менаџер
- Јасна Оровчанец Аранѓеловиќ, постар проектен менаџер
- Александра Цветановска, постар проектен менаџер
- Гоце Коцевски, Координатор за правна помош

# Човечки ресурси

Тимот на МЗМП во 2020 го сочинуваа 31 лице од кои 25 се вработени во здружението додека шест беа ангажирани со договор за вршење услуги. Според родовата структура во МЗМП 19 (61%) се жени, а 12 (39%) се мажи. 25 од лицата се дипломирани правници, три се во областа на финанасиите, еден во областа на комуникациите и еден преведувач од арапски јазик. 12 од лицата со правно образование имаат положено правосуден испит. МЗМП е посветено на постојано професионално усовршување на своите вработени преку посета на обуки и студиски посети.

# Финансии

Средства за спроведување на програмските активности и оперативните трошоци на здружението во 2020 беа обезбедени пред сè преку грантови и донации, а во помал обем преку сопствени извори на приходи и членарина. Билансот на приходи и расходи како и билансот на состојба се објавени на веб страницата на МЗМП.

## *Годишен буџет за 2020 (во илјада денари)*

| ДОНАТОР | ПРОЕКТ | 2020 |
|---|---|---|
| Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации (УНХЦР) | Застапување, обезбедување на информации за постапката за азил, правна помош и застапување на засегнатите лица од УНХЦР и превенција и намалување на бездржавјанството | 12.062 |
| УСАИД | Проект на УСАИД за заштита на правата на бегалците и мигрантите | 139 |
| Група 484 | 1. Безбедност за човечки суштества и граници-борба против криумчарењето мигранти на Западен Балкан<br>2. BRMC, креирање пат за заедничка миграциска политика на Западен Балкан | 2.581 |
| Фондација Отворено Општество Институт Будимпешта | Организациска поддршка за еднаквост при работа | 2.803 |
| Европска Унија | Мобилни тимови за правна поддршка на лица со ниски примања и семејства | 829 |
| Министерство за финансии | Акциска програма | 4.048 |
| Отворена Порта | Проценка на примената на СОП за случаи на трговија со луѓе | 62 |
| IRIS Мрежа | Проценка на ангажманот на локални единици со странци кои живеат на нивната територија | 213 |
| Sigrid Rausing Trust | Институционален грант | 7.797 |
| UN WOMEN | Развој и имплементација на кампања за подигнување на свеста, застапување и/или промени во однесувањето за да се предизвикаат родово штетните стереотипи кои водат кон насилство врз жената во Република Северна Македонија | 2.440 |
| УНИЦЕФ | Поддршка за обезбедувањето социјална заштита на семејствата подложни на социјален ризик и олеснување на вмрежувањето помеѓу социјалните работници и локалните граѓански организации | 2.101 |
| Германско друштво меѓународна соработка (ГИЗ) | Подигнување на свеста за трговија со деца преку интернет и трудова експлоатација на сезонски работници во Северна Македонија | 1.169 |
| Европска мрежа за без државјанство | Индекс за без државјанство | 89 |
| Совет на Европа | Подигнување на свеста за трговија со деца со попреченост | 739 |
| Останато | Поврат на непотрошени средства од грант | 2 |
| Пренесен дел на приходи над расходи од претходна година | | 23.731 |
| Сопствени приходи од членарини | | 13 |
| Приходи од курсни разлики | | 2 |
| Приходи од услуги | | 74 |
| **ВКУПНО** | | **60.894** |

### Структура на приливите во 2020 според изворите




Финансиското работење на здружението подлежи на годишна независна ревизија од овластена ревизорска куќа, како и од посебни ревизии за поединечните проекти исто така спроведени од независни ревизорски куќи. За 2020 ревизија на финансиските извештаи на здружението беше спроведена од независната ревизорска куќа БДО ДОО Скопје. Извептајот од спроведената ревизија е јавно објавен на веб страницата на здружението. Според извештајот приложените финансиски извештаи на МЗМП ја прикажуваат реално и објективно во сите аспекти финансиската состојба на здружението на ден 31.12.2020.

CUPIDA LEGUM JUVENTUS